# Хуманитарен турнир во забрзан шах
# „ПЕЛАГОНИЈА 2025”

1. Турнирот ќе се одржи на 1 Ноември 2025 година во просториите на Офицерскиот дом во Битола.
2. Организатори на турнирот се Црвениот крст, шаховскиот клуб Шах шех и шаховскиот клуб Прилеп.
3. Право на учество имаат сите шахисти од Пелагонискиот регион со ФИДЕ код. Играчи кои немаат ФИДЕ код за негово отворање треба да платат 300 денари и да доставаат дата на раѓање и мејл адреса. Бројот е лимитиран и нема да се прифаќаат пријави по исполнување на максималниот број.
4. **Т**урнирот се игра по Швајцарски систем од 9 кола, според Правилата на ФИДЕ за (Рапид) забрзан шах. Турнирот е пријавен и ќе се рејтингува на ФИДЕ рапид листата.
5. Темпо на игра е 10 минути по играч со додаток од 5 секунди за секој потег, почнувајќи од првиот (10’+5”). Организаторот обезбедува шаховски комплети за сите учесници.
6. Турнирот ќе се игра според следниот распоред:

| | |
|---|---|
| 09:00 – 09:45 | задолжително лично пријавување на играчите |
| 09:50 | отворање на турнирот |
| 10:00 - 12:30 | 1-5 коло |
| 13:00 - 13:30 | пауза за ручек |
| 13:30 - 15:30 | 6-9 коло |
| 15:30 | затворање на турнирот |

7. Уписнина за учество на турнирот изнесува 500 денари. Уписнината Црвениот крст ќе ја донира за социјално хуманитарни цели-самохрана мајка со три дечиња.
8. Пријавување за учество на e-mail: tonisah@t.mk и на тел. 072 932 136 најдоцна до 30.10.2025 година.

   Списокот на регистрирани учесници ќе се објавува на https://chess-results.com
9. Наградниот фонд изнесува 20.000 денари, распределен на 5 редовни и 3 специјални награди:

   1 место............................................................................ 6.000 денари
   2 место............................................................................ 4.500 денари
   3 место............................................................................ 3.000 денари
   4 место.............................................................................2.000 денари
   5 место.............................................................................1.500 денари
   - најдобар битолчанец................................................ 1.000 денари
   - најдобар прилепчанец................................................ 1.000 денари
   - најдобар играч до 18 г................................................ 1.000 денари

10. Наградите не се делат. При делба на место одлучува:
    1. Бухолц (-1) 2. Бухолц 3. Поголем број победи 4. Прогрес.

    Играч може да освои само една награда - поголемата.
11. За време на турнирот се обезбедени сендвичи, кафе и освежителни пијалоци.

Октомври 2025 година

ШК Шах шех и ШК Прилеп